Комисија за следење на примената и

толкување на Општиот колективен договор

за јавниот сектор

**Толкување на член 5 од ОКД** и примена на поповолното право за работникот

Со членот 5 од Колективниот договор е предвидено дека со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група, односно на ниво на работодавач и со договор за вработување или решение, можат да се утврдат поповолни права од правата утврдени со закон и колективен договор, ако тоа не е во спротивност со закон и овој колективен договор (став (1)). Истовремено, со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група, односно на ниво на работодавач и со договор за вработување или решение, не можат да се определат понеповолни права од правата утврдени со закон и овој колективен договор, а ако се определени, тие одредби се сметаат за ништовни и се применуваат одредбите од овој колективен договор и од закон (став (2)).

При операционализирање на наведениот член, колективните договори на ниво на сектор, оддел или група можат да предвидуваат поповолни права за работниците и во тој случај за едно исто право да има различно правно решение.

Имајќи го предвид принципот in favorem laboratoris (во корист на работникот) и неговата улога да ги заштитува правата на работникот како на послаба страна во работниот однос, Комисијата смета дека во услови кога со закон или колективен договор се предвидува различна примена на едно исто право, за работникот ќе се примени правото согласно актот во кој правото е уредено на поповолен начин.

Претседател на Комисијата

Весна Томовска